**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

**За:** г-ѓа. Соња СТОЈАНОВА, управителка
Г. Огнен ЈАНЕСКИ, одговорен уредник

Бр. 03-18
Скопје 12.03.2019г.

**Предмет:** Известување во врска со надзор по претставка


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Претставка (наш бр. 03-18 од 15.02.2019 година), изврши надзор врз актуелно-информативната говорна шоу програма "Очи в очи" емитувана на ТВ 24 Вести на 13 февруари 2019 година, во периодот од 15:55:26 до 16:45:55.

Со Претставката беше доставен и исечок со снимка од сегментот во кој водителот на емисијата вели *„...Вас не Ве обврзува никој да имате пасош...(се насмевнува) ако не сакате, ако немате пари да патувате надвор, нема ни да имате пасош...“* којшто е изворно емитуван во оваа емисија. Притоа, подносителот на претставката смета дека ова претставува *„...класичен говор на омраза и навреда...“*.

Со надзорот не беа констатирани прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од аспект на почитување на посебните забрани од член 48. Сепак, ве потсетуваме дека контактот со граѓаните преку медиумите подразбира одредено ниво на комуникација, поради што потребно е сите новинари и радиодифузери да бидат свесни за фактот дека се обраќаат кон широка публика и притоа треба да бидат внимателни како се изразуваат.

Извештајот од надзорот е достапен на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**